**Правилник за користење на мобилни телефони во ООУ„ Којдан Чернодрински“ Скопје**

1. **Цел на правилникот**
   Целта на овој правилник е да се воспостават јасни правила за користење на мобилни телефони во училиштето, со цел да се создаде позитивна и продуктивна средина за учење, успешно одвивање на воспитно образовниот процес, високо ниво на работна дисциплина, концентрација и безбедност во училиштето и превентивното делување на појавата на дигитално насилство во училиштето .
   .

**2. Опсег на правилникот**
Овој правилник важи и за сите ученици, вработени и другите законски застапници на учениците и трети лица во училиштето и со него се уредуваат правилата на користење на мобилните уреди од страна на горе наведените субјекти.

**3. Основни правила за користење**

- **3.1. Исклучување во училница**:користењето на мобилни телефони за време на час е забрането.  Мобилните телефони треба да бидат исклучени или ставени во режим "не вознемирувај" за време на час.

  3.2.За време на часот ученикот е обврзан да го стави телефонот во кутијата или преградите наменети за таа намена.

- **3.3. Користење за учење**: Употребата на мобилни телефони за учење е дозволена само со согласност на наставникот со цел за обработка на наставната единица.

- **3.4. Забрана на употреба за време на одмори**: Учениците не смеат да користат мобилни телефони за време на одмори и во училниците, освен ако не е одобрено од наставникот.

- **3.5. Забрана за снимање и сликање** Строго е забрането сликање или снимање на деца, наставници , други вработени  и трети лица во и надвор од училиштето без нивна дозвола.

- **3.6**  Во училиштето е забрането користење на социјални мрежи преку мобилните телефони доколку не е во интерес на наставата и со дозвола на наставник.

**4. Обврски на учениците**

- **4.1. Одговорно користење**: Учениците се обврзани да користат мобилни телефони одговорно и со почитување на другите.
- **4.2. Заштита на лични информации**: Учениците не смеат да споделуваат лични информации или слики без согласност на засегнатите лица.
- **4.3. Не вознемирување**: Учениците не смеат да користат телефони за вознемирување или буллинг.
-
- **5. Обврски на наставниците**
- **5.1.** Одделенските раководители се обврзани да ги информираат учениците за правилата за користење на мобилни телефони.
- **5.2.** Наставниците треба да ги следат учениците и да ги применуваат правилата доследно..
- **5.3 Д**околку ученик користи телефон без дозвола на наставник, наставникот тоа го запишува во електронскиот дневник, го известува одделенскиот раководител, го одзема мобилниот телефон на ученикот и го доставува во администрација( секретар на училиштето) и истиот ќе стои до preземање на истиот од страна на родителот.Родителот при превземањеќе треба да пополни изјава.
- **5.4**. Наставниците може да користат мобилен телефон за потребите на наставата и со цел за полесно презентирање на материјалот планиран за обработка.
- **5.5.**Наставниците треба да ги имаат вклучено своите телефони за време на наставата и додека им трае работното време заради зачувување на здравјето и благосостојбата на учениците, следење и проследување на битни информации поврзани за учениците, спроведување на итни препораки и активности
- **5.6**. Наставниците не треба да користат мобилни телефони за време на траење на часот за приватни цели.
- **5.7.** Наставниците смеат да сликаат или снимаат дел од активностите со претходна дозвола од страна на родителите.
- **5.8.** Доколку наставник не ги почитува правилата на користење на мобилен телефон директорот на училиштето ќе превземе дисциплнска мерка.

**6. Последици за непочитување на правилата од страна на ученикот**

- **6.1. Прво прекршување**: Наставникот го одзема телефон и го доставува до канцелријата на секретарот ,родителот го зема телефонот од администрација каде потпишува изјава.

- **6.2 Второ прекршување** : Наставникот го  одзема  телефон и го доставува до канцелријата на секретарот. Ученикот добива педагошка мерка - Усна опомена  родителот го подигнува телефонот и  потипишува  изјава дека е известен за педагошката мерка и за второ прекршување на правилникот.
- **6.3. Трето прекршување**: Наставникот го  одзема  телефон и го доставува до канцелријата на секретарот. Ученикот добива педагошка мерка - Писмена опомена  од страна на одделенски раководител, родителите ќе бидат информирани и ќе потпишат изјава.
- **6.4.. Четврто и последователни прекршувања**: Наставникот го  одзема телефон и го доставува до канцелријата на секретарот. Ќе следат санкции и педагошки мерки донесени од страна на на Наставнички совет, вклучително и времена забрана за носење на телефонот на училиште.
- **6.5. Посебно прекршување** : се смета прекршување кога ученикот снимал, сликал, користел кибер насилство врз друг или други ученици или вработени во училиште, споделил снимки или слики на социјални мрежи. Во тој случај ученикот се казнува од Наставничкиот совет со повисока педагошка мерка и забрана на носење на мобилниот телефон.
- Доколку постојат поголеми прекршувања на користење на мобилниот телефон се ќе се применат и насоките од Политика за заштита на децата донесена од страна на училиштето.

**7. Употреба на мобилни телефони од страна на родители/старатели и трети лица**

**7.1.** Родители/старатели и трети лица треба да ги почитуваат Правилата на однесување во училиштето со користење на мобилни телефони.

**7.2.** Родители/старатели и трети лица не смеат да сликаат , снимаат или постираат на социјалните мрежи ученици, вработени од училиштето без знаење или согласност на родителите на сниманите ученици и дозвола од училиштето.

**7.3**. Родителите се должни да се отповикаат на повикот на одделенскиот раководител или наставник во врска со одземањето на мобилниот телефон на своето дете. Родителот потпишува изјава при подигнувањето на мобилниот телефон.

**7.4**. Родителот е должен да ја потпише изјавата доколку е казнет од страна на училиштето и да ја почитува одлуката на училиштето.

**7.5**. Родителите треба да учествуваат во поддршката на училиштето во остварувањето на воспитната работа.

**7.6**. Родителите се должни да го известат одделенскиот раководител доколку имаат промена на бројот на својот телефон.

**7.7**. Родителите на состаноците и настаните кои се организирани од страна на училиштето треба да ги исклучат мобилните телефони.

**7.8**. Училиштето ќе ги превземе сите законски мерки доколку од страна на родител или група родители на социјални мрежи без конкретен доказ биде нарушен угледот на училиштето или вработените во него.

**7. Завршни одредби**

Овој правилник ќе биде редовно прегледуван и прилагодуван согласно потребите на училиштето и учениците. Сите заинтересирани страни ќе бидат информирани за промените.

Кон учениците, вработените кои нема да ги почитуваат одредбите на овој правилник ќе се применат мерки кои се утврдени со Закон или со Правилникот на училиштето.

Кон родителите и други лица кои не ги почитуваат Правилата на однесување во училиштето ќе се применат ќе се применат мерки утврдени со закон.